Почитувани претставници на граѓанските организации,

Ви благодариме на интересот за учество на Повикот до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2024 година. Пополнетиот образец (заедно со прилозите, доколку ги има) доставете го до Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, електронски на адреса **nvosorabotka@gs.gov.mk со назнака Иницијатива за ГПРВ 2024, до 15.9.2023 година.** Со доставување на образецот потврдувате дека се согласувате вашата иницијатива да биде објавена на веб страницата www.nvosorabotka.gov.mk.

Të nderuar përfaqësues të organizatave qytetare,

Ju falemnderojmë për interesin e shprehur për pjesëmarrje në Thirrjen deri te sektori civil për kontributin në përgatitjen e Programit të punës së Qeverisë së Repblikës së Maqedonisë së Veriut për vitin 2024. Formularin e plotësuar ( së bashku me bashkëngjitjet, nëse ka) dorëzoni te Njësia për bashkëpunim me organizatat joqeveritare e Sekretariatit të Përgjithshëm të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut, në mënyrë elektronike në adresën nvosorabotka@gs.gov.mk **me shënim Iniciativa për PVQRMV 2024, deri më 15.9.2023.** Me dorëzimin e formularit vërtetoni se pajtoheni që iniciativa juaj të publikohet në faqen e internetit nvosorabotka@gs.gov.mk.

## Општи податоци за здружението / фондацијата

Име на здружението/фондацијата:
Здружение за промовирање на електрични возила Електромобилити Скопје

ЕМБС (матичен број на правниот субјект според податоците во Централен регистар):
7338384

Седиште и адреса (улица, број, општина):
Ул.Партизанска 2 бр.12/12 Скопје, Карпош

Застапник:
Оливер Велковски

Веб страница:
http://emobilnost.org/

Електронска пошта (e-mail):
ngoelektromobilnost@gmail.com

Телефонски број за контакт:
071/395-457

Лице за контакт:
Оливер Велковски

## Të dhëna të përgjithshme për shoqatën/ fondacionin

Emri i shoqatës/ fondacionit:

NVAS (numri amë i subjektit juridik sipas të dhënave në Regjistrin Qendror):

Selia dhe adresa ( rruga, numri, komuna):

Proqesverbali:

Faqja e internetit:

Posta elektronike ( e-mail):

Numri i telefonit për kontakt:

Personi për kontakt:

## Предлог- иницијатива за годишна Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2024 година

## Propozim-iniciativa për Programin vjetor të punës së Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut Për vitin 2024

**Наслов на иницијативата:**
**<u>Пренамена на средства од Програмата за инвестиции во животната средина во проекти за промовирање на електромобилноста</u>**

**Emri ( titulli) i iniciativës:**

**Стратешки приоритет:** (придонес - поврзаност со определен стратешки приоритет на Владата на Република Северна Македонија)

Ваквиот предлог е во согласност со стратешкиот приоритет на Владата на Република Северна Македонија за унапредување на енергетската транзиција, инвестирање во енергетска ефикасност и зелен развој, намалување на аерозагадувањето и влијанието на климатските промени.

**Prioriteti strategjik:** (kontributi- lidhur me prioritetin strategjik të caktuar të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut)

**Приоритетна цел:** (придонес - поврзаност со определена стратешка цел на Владата на Република Северна Македонија)

- промовирање на зелена транзиција преку градење на капацитети, вештини и зголемување на свеста;
- зголемување на учеството на обновливите видови на енергија во финалната потрошувачка на енергија;

**Qëllimi prioritar:** (kontributi- lidhur me qëllimin e caktuar prioritar të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut)

**НППА** (поврзаност со пристапни партнерства како и соодветна идентификација на поглавје и подрачје)

Ваквата иницијатива има директна поврзаност со Преговарачко поглавје 21 – Транс Европски Мрежи и Преговарачко поглавје 27 – Животна средина и климатски промени.

**NPAA** (lidhje me partneritetet e pranuara si dhe identifikimi adekuat i kapitullit dhe rajonit)

**Образложение:** (Краток опис на иницијативата: причини за предлагање, предмет на уредување доколку се работи за закон или подзаконски акт и надлежен орган на државната управа)

Во рамки на буџетот на Р.С.Македонија по однос на повеќе основи во кои главна улога имаат возилата за внатрешно согорување (при увоз на возила, продажба на нафтени деривати, регистрација) а во согласност со Законот за животна средина, <u>се прибираат значителен износ</u> на финансиски средства кои влегуваат во

**Arsyetim:** (Përshkrim i shkurtër i iniciativës: arsyet e propozimit, lënda e rregullimit nëse bëhet fjalë pë akt ligjor ose nënligjor dhe organi kompetent i administratës shtetërore)

Програмата за инвестиции во животната средина а со кои располага Министерството за животна средина.

Такви активности преку кои се прибираат средства согласно Законот се:

**- надоместок при <u>годишна регистрација на возилата</u> (Член 180 - Висината на надоместоците за моторни возила и пловни објекти од Законот за животната средина )**

**- надоместоци за <u>нафтени деривати</u> кои секој граѓанин ги плаќа при купено секое литар гориво (бензин, нафта, масло за горење/ мазут);**

**- средства собрани согласно Член 179 (Висината на надоместоците за увоз и извоз) од Законот за животна средина кој се однесува на <u>став 7</u>**

Согласно информациите со кои располагаме од Министерството за животна средина, до сега ваквите средства прибрани од граѓаните и правните лица никогаш не биле наменети (инвестирани) за конкретни проекти кои се однесуваат за ублажување на последиците од загадувањето на животната средина и загадувањето на воздухот каде како главни причинители се јавуваат возилата со внатрешно согорување, односно за проекти и активности за промовирање на „зелена" мобилност вклучително и електромобилноста.

**Земајќи ги во предвид стратешките цели на Владата, Здружението за промовирање на електрични возила Електромобилити Скопје, предлга средствата собрани по претходно споменатите основи <u>да бидат наменски пренаменети</u> почнувајќи од 2024 година во рамки на годишната Програмата за инвестиции во животната средина <u>за конкретни проекти и активности кои ќе обезбедат поголема промоција на новите трендови во мобилноста</u>**, поконкретно:

- изградба на инфраструктура од брзи полначи во комбинација со фотоволтаични системи по главните патни правци во државата;
- креирање на фонд за субвенционирање при набавка на електрични возила и полначи за граѓаните и правните субјекти (по примерот на Р.Србија, Р.Хрватска, земји од ЕУ.....);
- поддршка на такси компаниите за промена на возниот парк со електрични возила;

- организирање на кампањи, конференции и настани за подигнување на јавната свесност за значењето на електромобилноста за животната средина, воздухот и борбата против климатските промени;
- едукативни кампањи во основните и средни училишта за значењето на електромобилноста и сл.

**Очекувани влијанија:** (Кои се очекуваните влијанија од предлог-иницијативата)

**Ndikimet e pritshme:** (Cilat janë ndikimet e pritshme nga propozim-iniciativa)

Прифаќањето на ваквата иницијатива од страна на Владата на Р.С.Македонија ќе се даде дополнителен придонес во стимулирање на населението за замена на традиционалните возила со ниски ЕУРО стандарди, со возила базирани на „зелени" технологии што ќе значи сериозен чекор кон промоција на електромобилноста во Северна Македонија и испраќање на јасна порака од страна на Владата за поддршка на Директивите и напорите на Европската Унија вклучително и Европскиот зелен договор (European Green Deal) од 2019 година кон намалувањето на загадувањето на воздухот и бучавата од сообраќајот и заштита на животната средина.

**Финансиски импликации:** (Дали предлог-иницијативата предизвикува финансиски импликации? Ако има, дали потребните средства се обезбедени и од кои извори?)

**Implikime financiare:** (A shkakton propozim-iniciativa implikime financiare? Nëse ka, a janë të siguruara mjetet e nevojshme dhe nga cilat burime?)

Ваквата предлог иницијатива нема да предизвика финансиски импликации имајќи во предвид дека целта на иницијативата е само пренамена на финансиски средства од Програмата за инвестиции во животната средина кои веќе долги години се прибираат од конкретни извори, а во овој случај целта е да се пренаменат во насока на финансирање на проекти со чија што помош ќе се постигне сериозен бенефит врз животната средина, односно ќе се намали влијанието од предизвикувачите на загадувањето (возилата со внатрешно согорување).
Воедно треба да се има во предвид дека Владата на Р.С.Македонија како земја која води предпристапни преговори за влез во ЕУ може да аплицира преку своите институции за финансиски средства и грантови во насока на промовирање на електромобилноста и градење на инфраструктура од брзи полначи како еден

од главните предуслови за интеграција на електричните возила во општеството.

**Прилози** (со наведување на авторот на документот):

**Bashkëngjitje** (me shënimin e autorit të dokumentit):

Потпис на застапникот

14.09.2023 година ---------------------------

М.П.

Nënshkrimi i përfaqësuesit

------ 2023 ------------------------------

V.V

Здружение за промовирање на електрични возила ЕЛЕКТРОМОБИЛИТИ Скопје